











01.01.2013, 17:28

# СВЕТОТ СЕ ДВИЖИ СО НЕПРЕДВИДЛИВИ И ТЕШКО СОВЛАДЛИВИ БРЗИНИ



**„Уметноста е само првиот степен на интелигентното самокреирање“, потсети на крајот на годинава, сликарот, академик Глигор Чемерски**

Катерина Богоева

**Изминува оваа 2012 година во која станавте член на МАНУ, година кога, претпоставувам, од позиција на академик имавте и дополнителна визура на настаните во светот и во Македонија. По што ќе ја памтите најмногу од областа на културата, уметноста, политиката, економијата...?**

Морам да признам дека не знам како, и дали е тоа можно, статусот на академик да ги помести моите досегашни искуства, па и моите погледи кон големиот свет и нашиот мал, но скапоцен дел од него. Во моите години тоа секако би било малку премногу. Избран сум во Македонската академија на уметностите и науките според мојата сликарска биографија и лично не знам дека од тоа има поголемо национално признание. Ако сторам нешто во одбрана и реафирмација на ликовната уметност, која патем речено е видливо деградирана, тоа ќе значи дека сум го оправдал изборот и во МАНУ и присуството таму.

Што се однесува до големиот свет, тој се движи со непредвидливи и тешко совладливи брзини. Проблемот не е само наш, туку универзален, да ги следи и да ги совладува тие брзини. Се најдов лично во Њујорк на самиот ден на нивниот Божик, во пресрет на самата 2000 година, во еден простран, прекрасен бар на Петта авенија. Тоа беше најблиското временско растојание меѓу првиот и вториот милениум. Неверојатно значаен миг на драстична

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- СДСМ ГИ ПОДГОТВИ ИЗМЕНИТЕ ЗА УКИНУВАЊЕ НА БОЛНИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА
- ИВАНОВ: СО ЈОРДАН ПОСТИГНАВМЕ НАПРЕДОК ВО СФЕРАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ
- ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ПАК КАМПУВААТ ЗА ДА БИДАТ ВИДЕНИ И СЛУШНАТИ
- СТУДЕНТИТЕ "ФИСКУЛТУРЦИ" НАЈУСПЕШНИ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ НА УКИМ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

20° СКОПЈЕ ВРЕМЕ
Облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |
| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ
- IN MEMORIAM: Почина д-р Ѓорѓи Ставриќ, основач на дијагностичката лабораторија за малигни болести

промена на времето. И така на шанкот на еден од најубавите барови на Менхетн во кој полека се собираше, да речеме анонимен народ, некој непознат прв нарача за сите пијалак и што друго сака и тоа наеднаш се претвори во зараза на лицитирани поединечни нарачки, исто како кај нас. Како модрееше ноќта, така почнаа да паѓаат и да се пластат едри пердуви снег, налик на филмовите според расказите на своевремено, славниот О' Хенри.

**Третиот милениум по Христа, надвор беше пресечен со ласер и беше најавен со голема експлозија на огномети. Со новата технологија, со новите надежи, со новите перспективи беше најавен и новиот незмисливо оптимистички поредок....**

Но, уметноста, чувството на едноставна удобност и дружење, на времето проткаено низ само еден заеднички флуид, во овој непредвиден мал, но волшебен изблик на уметноста на живеењето го беше запрело и запечатило самото време. Празникот е лице на тој печат. Дванаесетина години подоцна од оваа незаборавна зимска ноќ, новиот поредок и човекот на новиот поредок со потсмев и со еден вид морници, на некој неразбирливо застрашувачки начин ја парафразираат (потсмевот и иронијата е само маска) апокалипсата по Јована. Крајот на светот, крајот на Земјината топка, крајот на цивилизациите станува не само филмска тема и закана дека сето тоа може да ни се случи утре или задутре, па сепак дистанцата не е непредвидена. Најголем дел од човештвото денес знае дека не е тоа Бог туку самиот човек што ќе ја забрза и ќе ја предизвика апокалипсата, или просто, човековото самоуништување.

**Вашето творештво е познато и признато и надвор од границиве на земјава, изложувате во различни делови на светот, но се прашувате ли често колку денешниот човек е навистина отворен за пораките и убавината што ги носи ликовната уметност?**

Современиот човек како и човекот од блиското и најдалечно минато не само што е отворен кон уметноста туку и самиот е креатор. На парче или парцијално, но сепак креатор. Зашто уметноста е самата природа и во се' што во природата е живо и како се' што е живо, се самокреира. Уметноста е само првиот степен на интелигентното самокреирање. Тука е веројатно нејзината неопходност и неуништивост. Погледајте ги инсектите, птиците, животните, морските жители и растенијата. Каков само спектар на форми и бои тие самосоздаваат. Со какви се' ноти, песни, повици и крици не си даваат неопходни сигнали. Откако останал без крзно, голуждрав и со ништо незаштитен, човекот за почеток станал во самоодбрана свој костимограф, па потоа сликар, па дури потоа сликар од Алтамира и Ласко. Се' до недостижната египетска принцеза Нефретита, па до свети Пантелејмон во нашиот Нерешки простор, до Курбиново, и кон Италија до Тицијан, кон Италија до Рембрант, кон Шпанија до Греко и до севозможниот Гоја. Тој истиот некогашен човек примал и создавал секогаш во извесна сигурност и незагрозеност. Тоа сигурно не е гола случајност.

Одново едно блиско патување. Бевме предминатата година со семејството во Шпанија, Мадрид, Толедо, Саламанка, Барселона, засега само толку за да нагласам дека тоа го направивме за сликарството и во име на сликарството. Просто и незаборавно студиско патување во име на духот. Сега на неизбежните телевизиски програми гледаме како во Мадрид, како во Барселона и не дај Боже и да е во надреално преубавото Толедо, речиси на сите плоштади и пред музеите и посебно пред музејот Прадо каде што европската и светската уметност е прикажана во невиден склад, и пред самите статуи на сликарите Веласкез и Мурињо, се брануваат незадоволните Шпанци и жестоката полиција која со палки и шмркови ги растерува демонстрантите. Што можат тука и Греко и Веласкез, и Мурињо, и неисцрпниот Гоја кои веќе го имале тоа искуство? Тука сликарството не може ништо. Тука сликарството ќе причека. Тука ако некој нешто може да стори, сигурно е само умната и разумна политика за која секој народ сонува на свој начин.

Deutsche Welle
- Северна Кореја: Секоја недела една ракета?
- Договор за владата до крајот на неделава?
- Пипа кажа „Да“

**Кога се говори за чинот на создавање уметнички дела, што се менува, а што останува непроменето кај творците, без разлика во кој дел на светот создаваат, со каква техника се користат, во какви простори се презентираат?**

Има една апсолутна мерка на препознавање на уметничкото дејство на сликарското дело, а тоа е интензитетот. Тоа не е ни техничко ни технолошко прашање, туку е самата суштина. Тоа не е ситуирано ниту во некој одреден простор, ниту во конкретното време туку е, иако се работи за лабава фраза, севременско.

Кога Салиери (во филмот на Милош Форман ќе зборува восхитено за Моцарт и неговото музичко чудо) ќе рече „какви се' неочекувани должини и траења овој човек извлекува од една кратка и навидум едноставна музичка тема", тој всушност зборува за големите размери и интензитетот во сите уметности. Кога австрискиот крал на Моцарт ќе му стави забелешка позајмена од неговите советници „тоа е добро, само тука има многу ноти", кутриот, но и храбриот Моцарт одговара: „Височество, тука нема ни една нота повеќе, ни една помалку". Чинам дека друг одговор и нема.

**Светот денес е поврзан на безброј начини, но и на безброј начини луѓето во него и се обидуваат да го надминат се' поголемото меѓусебно отуѓување. Очекувате ли некакви промени, поинакви состојби на планетава Земја во 2013 година?**

За среќа нема само еден свет, туку се' уште има многу светови на Земјината топка. Некои стареат, некои допрва ја покажуваат својата виталност. Подмладувањето е принцип на природата и принцип на се' што природата го носи. Ние го гледаме и се' повеќе го разбираме. Живиот свет памети многу, но некои почнуваат да го заборавaат своето завчера, други ги откриваат своите милениумски мемории и така се' живее и трае на начин кој нам ни годи, а кој не знаеме како сигурно да го потврдиме. Доволно е што сето тоа нас не' крепи и не' обновува.

Не е прашање дали ја живееме нашата фасцинација или нашите загрижености и можни стравови. Сигурно е дека она што може ако не да не' спаси барем да не' залечи, е да не ја забрзаме својата апокалипса. Можеби само така ќе се сетиме на фасцинантните ведрини што го грееле нашиот род во неговата нечепната градина, пред првата закана и пред првата казна.

**Подготвувате ли некакви презентации на сопственото творештво за идната година?**

Се разбира да, но тоа е друга и поедноставна приказна одложена за другата средба.

Статијата е прочитана 1876 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

ОСТАНАТИ ВЕСТИ

Новогодишни премиери
Последен збор